**КНИ-ПРОКОМ**
Друштво за ревизија и процена

Крушевска 21
7500 Прилеп
Тел/Факс 048/412-505
mail@kniprokom.com.mk
www.kniprokom.com.mk

Врз основа на член 35 од Законот за ревизија во Република Македонија (Службен Весник на РМ бр. 158/2010, 135/2011), Друштвото за ревизија и процена „КНИ-ПРОКОМ" ДОО на ден 31 март 2014 година го поднесува овој:

# ИЗВЕШТАЈ ЗА ТРАНСПАРЕНТНОСТ
# ЗА 2013 година

## 1. Опис на правната структура и сопственост на друштвото за ревизија

Друштвото е основано и постои согласно Законите во Република Македонија како друштво со ограничена одговорност ДОО. Друштвото е основано во 1994 година. Седиштето на Друштвото е во Прилеп, на ул. Крушевска бр. 21. Друштвото е регистрирано за вршење ревизија и има добиено трајна дозвола за работа од Министерството за финансии на РМ со решение бр. 07-3757/1 од 11.03.2004 година и лиценца за работа бр. 07-125/1 од 26.06.2013 година издадена од Советот за Унапредување и Надзор на Ревизијата.

Во Друштвото во тек е оставинска постапка на уделите на главниот содружник и овластен ревизор Доста Проданоска која почина во Ноември 2013 година.

## 2. Опис на професионалната мрежа и правните структурни аранжмани во мрежата каде што припаѓа

Друштвото за ревизија и процена КНИ-ПРОКОМ ДОО Прилеп делува на територијата на Република Македонија. Друштвото е член на Институтот на Овластени ревизори на Република Македонија (ИОРРМ). На 14 ноември 2013 година ИОРРМ стекна статус на полноправна членка на Меѓународната Федерација на Сметководители (IFAC).

## 3. Опис на управувачката структура на друштвото за ревизија

Со друштвото управува управителот на друштвото. Управител на друштвото е Александар Проданоски, овластен ревизор.

## 4. Опис на внатрешниот систем на контрола на квалитет и изјава за ефективноста на неговото функционирање

Внатрешниот систем на контрола на квалитет на Друштвото е воспоставен во согласност со Меѓународниот Стандард за Контрола на Квалитет 1. Системот на контрола на квалитет вклучува политики и процедури кои ги дефинираат следните елементи: Одговорност на лидерот за спроведување на квалитетот во друштвото; Етички барања; Прифаќање и продолжување на односот со клиентот и специфични ангажмани; Човечки ресурси; Извршување на ангажман; Мониторинг.

Воспоставените политики се дизајнирани со цел Друштвото и неговиот персонал да се придржуваат на професионалните стадарди и регулативните и правните барања и дека извештаите што се издадени од Друштвото се соодветни на околностите.

Управителот изјавува дека применетиот систем на контрола на квалитетот функционира ефективно во рамките на Друштвото.

Крушевска 21
7500 Прилеп
Тел/Факс 048/412-505
mail@kniprokom.com.mk
www.kniprokom.com.mk

**5. Датум кога е извршена последна проверка за уверување во квалитетот на ревизорот**

Последна проверка за уверување во квалитетот согласно член 20 од Законот за ревизија е извршена во Октомври 2011 година од страна на Институтот на Овластени Ревизори на Република Македонија.

**6. Список на субјекти на кои е извршена ревизија во текот на претходната година**

Во текот на претходната година извршена е ревизија на следните субјекти: Пелистерка АД Скопје, Еуро Табак ДОО Скопје, Макинвест ДОО Скопје, Еуродистрибуција ДООЕЛ Скопје, Лозар Пелистерка ДООЕЛ Скопје, Пелистерка Транс ДООЕЛ Скопје, Пеј Плус ДООЕЛ Скопје, ЈППУЗП Јасен-Скопје, Жито Полог АД Тетово, Ларин Мрамор Компани АД Скопје, Белмар ДОО Скопје, Агриленд АД Скопје, ЈКП Водовод Битола, Хидро Енерго Проект Водовод ДООЕЛ Битола, ФК Пелистер АД Битола, АДГ Трудбеник Охрид, Дрисла ДОО Скопје, ЈКП Водовод и Канализација Прилеп, Металец АД Прилеп, Набизи ДОО Струга, ЈКП Комуналец Прилеп, Терминал Комуналец ДООЕЛ Прилеп, Бунар Петрол ДОО Гостивар, Чеза Комерц ДОО Скопје, Агрохемија ДОО Скопје, Блу Бел Маритајм ДОО Скопје, Блу Бел Тракинг ДООЕЛ Скопје, Тим ДОО Скопје, Тимох ДОО Скопје, Пелагонија Мермер ДОО Скопје, Вардар Мермер ДОО Скопје, Проект Општина Демир Капија, Проект Општина Битола, Проект Организација на жени Свети Николе, Мајник ДООЕЛ Битола, Бифекс ДООЕЛ Струга, Деница ДООЕЛ Прилеп.

**7. Изјава за независното работење на друштвото за ревизија со која се потврдува дека постојат интерни процедури за проверка на усогласеноста на независноста и дека истите се спроведени**

Во друштвото постојат интерни процедури за проверка на усогласеноста на независноста. Управителот на друштвото дава писмена изјава дека друштвото е независно во однос на клиентите. Сите вработени во друштвото се запознаваат со клиентите на друштвото и даваат писмена изјава дека се независни во однос на истите. Управителот на друштвото изјавува дека како член на ИОРРМ, друштвото ги почитува актите и насоките и потврдува дека во друштвото постојат интерни процедури за проверка на усогласеноста на независнота и истите се спроведуваат.

**8. Изјава за политиката што ја следи друштвото за ревизија во текот на претходната година**

Согласно барањата на Законот за ревизија во Република Македонија, овластениот ревизор во друштвото во текот на 2013 година посетуваше обука за континуирано професионално усовршување во организација на Институтот на Овластени Ревизори на Република Македонија.

**КНИ-ПРОКОМ**
Друштво за ревизија и процена

Крушевска 21
7500 Прилеп
Тел/Факс 048/412-505
mail@kniprokom.com.mk
www.kniprokom.com.mk

9. **Финансиска информација за вкупниот приход остварен од ревизија и од други надоместоци**

| | *во илјади денари* | *во %* |
|---|---|---|
| Приходи од ревизорски услуги | 3.648 | 96,61 |
| Приходи од услуги на уверување во квалитет | - | - |
| Даночни советодавни услуги | - | - |
| Други неревизорски услуги | 128 | 3,39 |
| **Вкупни приходи за 2013 година** | 3.776 | 100 |

10. **Информација за основата по која се утврдува хонорарот на овластениот ревизор**

Основата по која се утврдува хонорарот на овластениот ревизор е фиксна плата согласно применливата законска рамка во РМ.

Прилеп, 31.03.2014 година

Друштво за ревизија и процена КНИ-ПРОКОМ ДОО Прилеп

Управител
Александар Продаsucceed